**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ГОДИШЕН БИЛТЕН
# НА
# ЕУ НОВОСТИ

јануари - декември
2011 година
СКОПЈЕ

**Вторник, 4 јануари 2011 година**
**УНГАРСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Агендата на програмата на Унгарското претседателство суштински беше дефинирана од потребата за справување со последиците на економската криза и воведување на нови форми на соработка. Европската унија треба да биде подобро подготвена за евентуални кризни ситуации во иднина и потребата за воведување на постојан механизам за управување со кризи, подобрување на економската координација и построги контроли за финансиска дисциплина.

Унгарското претседателство се концентрираше на четири главни области:

- развој и вработеноста за зачувување на европските социјални достигнувања,
- зајакнување на Европа,
- Унија поблиска до своите граѓани,
- проширувањето и добрososедската политика.

Претседателството се фокусираше на граѓаните кои претставуваат основа за паметен, одржлив и инклузивен развој од секој аспект, од економските прашања до заедничките политики и проширувањето. Силна Европа е можна само преку сопствениот народ и неговиот креативен потенцијал.

Во текот на првата половина од 2011 година, Европа се концентрираше на зајакнување на економијата, отворање на нови работни места, одржување на економскиот раст и неповратно заздравување од кризата. Стратегијата ЕУ 2020 обезбедува цврста основа за зголемување на вработеноста, зајакнување на регионалната и социјална кохезија, подобрување на способностите за иновации на претпријатијата.

Годината 2011 беше година на акција, започна имплементација на одлуките донесени во 2010 година и се користеа можностите понудени преку новите политики воведени со Лисабонскиот договор. Покрај перспективните долгорочни мерки, Унгарското претседателство направи силни напори за да се обезбеди усвојување на буџетот за 2011 година, во најкраток можен рок.

http://www.eu2011.hu/

**Понеделник, 10 јануари 2011 година**
**ЕВРОПСКА ГОДИНА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО**

Во текот на 2011 година се спроведувашр кампања со која во Европската унија се одбележа волонтерската работа. Кампањата беше во насока на поттикнување на волонтерството и потенцирање на предизвиците со кои се соочуваат волонтерите.

Целта на Европската година на волонтерството е да се охрабрат што е можно повеќе луѓе да волонтираат, преку поедноставување на волонтирањето, наградување на волонтерите преку формално признавање на стекнати

вештини, подобрување на квалитетот на волонтирањето преку обезбедување на обуки и подигнување на свеста за вредноста на волонтирањето. Во текот на годината се одржаа повеќе конференции на кои се дискутираше за клучни прашања од аспект на волонтерството.

Волонтерската активност ги спојува сите заедници, за волонтерите тоа е начин со кој се остварува придонес во општеството и стекнување на нови вештини. Волонтерството се појавува во различни форми: помагање во училишта, болници или добротворни организации. Денес околу 20% од граѓаните во Европа го користат своето време на волонтирање.

Европската унија посветено работи на промовирање на волонтерството, во 1996 година воспоставена е Европската волонтерска служба за да се охрабрат младите да волонтираат надвор од државата, во локалните општини.

Европската година на волонтерството се совпаѓа со програмата на Обединетите нации за обележување на десетгодишнина од Меѓународната година на волонтерите.

**Понеделник, 31 јануари 2011 година**

## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ



На 28 јануари 2011 година, Советот на Европа и Европската комисија, во Брисел, по петти пат го одбележаа Денот на заштита на личните податоци. Заедничкиот состанок на високо ниво на СЕ и ЕК беше посветен на „Заштитата на личните податоци 30 години подоцна: од европските до меѓународните стандарди“, со што се одбележа триесетгодишнина од Конвенцијата (108) на Советот на Европа, за заштита на поединци во однос на автоматска обработка на лични податоци.

Конвенцијата од 1981 година, претставува темел на приватноста и заштитата на личните податоци во Европа, ратификувана е од 43 земји-членки на Советот на Европа, со можност за приклучување на било која земја во светот. Беше промовиран процесот на модернизација на Конвенцијата, а се одбележа и почетокот на јавната консултација организирана во контекст на заштитата на личните податоци.

Европската комисија достави предлози за ревизија на Директивата од 1995, поставени во Комуникацијата за „Детален пристап на заштитата на личните податоци во ЕУ“ од ноември 2010 година.

Прашањата поврзани со заштитата на личните податоци постојано се присутни во секојдневниот живот на поединците, од работните места, областа на здравството, патувањата, па до користењето на интернетот. Сепак, голем број на поединци не се запознаени со заштитата на личните податоци и не се свесни за сопствените права во однос на оваа област.

По повод Денот на заштита на личните податоци, се организира настани, не само во Европа, туку и низ целиот свет, со цел да се подигне јавната свест за заштитата на личните податоци и да се информираат граѓаните за нивните права и истите да ги применат поефикасно.

**Понеделник, 31 јануари 2011 година**

**КОНСУЛТАЦИИ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР НА ЈАВНИ НАБАВКИ**

Европската комисија на 27 јануари 2011 година во Брисел одржа јавна консултација и отворена дебата со заинтересирани субјекти, посветена на модернизација на правилата, алатките и методите на јавните набавки.

Јавните набавки претставуваат околу 17% од БДП на Европската унија. Искористувањето на овој процент на најдобар можен начин е од суштинско значење за европската економија. Од страна на заинтересираните субјекти беше побарано да се изврши ревизија на системот за јавни набавки во ЕУ, рационализирање на процедурите и подобро прилагодување кон новите предизвици.

Европската политика за јавни набавки треба да обезбеди поефикасно користење на јавните средства со цел да се обезбеди поддршка на растот и создавање на работни места. Компаниите, особено средните и мали претпријатија, имаат потреба за подобар и полесен пристап до јавните договори во ЕУ за да можат целосно да ги користат придобивките од Европскиот пазар на јавни набавки. Набавувачите имаат потреба од едноставни и флексибилни процедури заради ефикасен придонес во постигнувањето на заедничките цели од Европската стратегија 2020, односно поттикнување на иновации, заштита на животната среддина, борбата против климатските промени и социјалното исклучување. Електронските јавни набавки придонесуваат за поефикасни постапки, подобар пристап на компаниите и обезбедуваат поголем избор за набавувачите.

Правилата за јавни набавки на ЕУ предвидуваат постапки за доделување на договори со обезбедување на транспарентен, подеднаков пристап и праведна конкуренција во рамките на Европскот пазар на јавни набавки. Актуелната законска рамка за јавни набавки на ЕУ се директивите 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ кои имаат за цел пред се да обезбедат дека економските оператори ги уживаат основните слободи: слободно движење на стоки, капитал, услуги и луѓе.

Во Зелената книга (Green Paper) се идентификувани можните клучни области за реформа и мислењата за можностите за промени на законодавството. Дополнително, Европската комисија превзема сеопфатна *ex post* проценка со цел да изврши преглед на ефикасноста и економичноста на постојните европски правила за јавни набавки.

За резултатите од проценката на ЕК како и за консултациите во рамките на Зелената книга, се дискутираше на конференција за реформата во обласа на јавните набавки, во јуни оваа година во Брисел.

**Среда, 16 февруари 2011 година**

**ПОТВРДЕНИ ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА ПОЛИТИКА НА УНГАРСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО**



На 10 февруари 2011 во Брисел се одржа Конференција на Европската мрежа на оператори за преносен систем на електрична енергија (ENTSO-E), на која присуствуваа претставници од 34 земји од Европа, со мисија да се промовира интеграцијата на европскиот енергетски пазар и подобрување на преносните мрежи.

Беше дискутирано за потенцијалот на електричната енергија до 2020 година и начините за поврзување на ветерните турбини на Северното Море со европскиот систем за напојување. На конференцијата беше потенцирана важноста од обновливите извори на енергија. Доколку Европската унија се стреми да постигне 80 до 95% намалување на емисиите на јаглероден диоксид до 2050 година, ќе бидат потребни значајни инвестиции за развој на инфраструктурата.

Одлуката на Европскиот совет од состанокот одржан на 4 февруари 2011, за создавање на единствен европски пазар на енергија и за отстранување на надворешната енергетска зависност, ги потврдува приоритетите на Унгарското претседателство со Унијата.

Европската економија ја поттикнува енергетската инфраструктура, а нејзиниот развој ќе придонесе за создавање на единствени европски пазари на енергија, преку кои на корисниците ќе им се овозможи достапност во снабдувањето со енергија и подобрување на економската и социјалната соработка на земјите.

Министерот за национален развој, г. Тамаш Фелеги, на Конференцијата го истакна следното "за Унгарското претседателство со Унијата овие цели претставуваат приоритет. Европа мора да се справи со четири предизвици во процесот на развивање на енергетската инфраструктура: да се разјасни прашањето за интеграцијата на пазарот, да се надминат пречките за подобрување на преносната мрежа, создавање на услови за развој на координирана европска мрежа и потребата за нови производствени капацитети за задоволување на зголемената побарувачка за енергија".

**Петок, 18 февруари 2011 година**

**ЕДИНСТВЕН ПРИСТАП ЗА КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ**



Европската комисија на 17 февруари 2011 година за прв пат промовираше акционен план со цел на секое дете да му се обезбеди подобар живот и да се поставаат темели за успешно доживотно учење, личен развој, социјална интеграција како и можности за вработување подоцна во животот.

Во 2009 година министрите за образование на ЕУ поставија цел, 95% од децата на возраст од четири години да добиваат

предучилишно образование и грижа. Моменталниот просек во ЕУ е 92,3%, истиот варира и не го одразува во целост квалитетот на обезбедените услуги. Предлозите на Комисијата доаѓаат како одговор на барањето на земјите-членки, од мај 2009 година и усвојувањето на Стратешката рамка за соработка во образованието и обуката.

Комисијата повикува на: универзален пристап за квалитетно предучилишно образование врз база на стабилно финансирање и добро управување; потреба за интегриран пристап до образованието и грижата, водејќи сметка за потребите на децата; соодветна наставна програма според возраста на децата; зголемено фокусирање на професионализација на вработените (соодветни квалификации, примања и работни услови) и квалитетни системи и стандарди за следење на напредокот.

Плановите на Комисијата ќе придонесат за трите цели од Стратегијата ЕУ 2020: иницијативите "Млади во движење", "Агендата за нови вештини и работни места" и "Европската платформа против сиромаштија".

**Петок, 18 февруари 2011 година**

**ПЛАНОВИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ПОЧИТУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРАВА ВО ЕВРОПА И ПОШИРОКО**



Со правото на Европската унија, загарантирани се правата на децата. Со Повелбата за фундаменталните права, Унијата и нејзините земји-членки правно се обврзани да ги почитуваат правата на децата. Исто така, со Договорот од Лисабон, Европската унија ја промовира заштитата на правата на децата. Сите 27 земји-членки на Унијата ја имаат ратификувано Конвенцијата на ОН за правата на децата. Европската стратегија 2020 ја поставува визијата за 21 век на Европа-подобро образование на децата и пристап до услугите.

Европската комисија, на 17 февруари 2011, презентираше агенда за зајакнување на правата на децата преку принципите содржани во Повелбата на ЕУ за фундаменталните права, со цел да се реафирмира цврстата определба на сите ЕУ институции, земјите-членки, за унапредување и заштита на правата на децата. Во иднина, сите релевантни политики на ЕУ кои имаат директно или индиректно влијание врз децата, треба да бидат креирани и применети согласно принципот за најдобар интерес на децата.

Согласно одговорноста за заштита на правата на децата, Комисијата предложи повеќе мерки за измени на законодавството, како и за поддршка на надлежните органи на земјите-членки на ЕУ:

- законодавство за подобра заштита на децата (особено на ранливите групи) во правни и судски постапки;
- ново законодавство со кое ќе се обезбеди дека одлуките за родителска одговорност при развод се признаваат и спроведуваат целосно во земјите на ЕУ;
- нова постапка за промовирање на насоките на Советот на Европа во однос на детската правда;
- поддршка за обука на судии;

- подобра обука на органите надлежни за деца без придружба, вклучително и оние што бараат азил во ЕУ;
- посебно внимание за децата во претстојниот план на ЕУ за помош на интеграцијата на Ромите во општеството;
- поддршка за брзо воведување на посебна ЕУ телефонска линија за исчезнати деца;
- мерки за борба против штетни содржини и други ризици на интернет;
- поддршка во борбата против насилство врз децата и заштита на жртвите од воени конфликти преку европските програми за хуманитарна помош и
- креирање на единствена ЕУ веб-страница посветена на правата на децата.

**Четврток, 24 февруари 2011 година**
**РЕГУЛАТИВА ЗА ЕВРОПСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА**

Советот на Европската унија и Европскиот парламент дадоа „зелено светло“ на Европската граѓанска иницијатива, една од поважните новини во Лисабонскиот договор. На официјалната церемонија што се одржа на 16 февруари 2011 година во Стразбур, од страна на министерот за надворешни работи на Унгарија г.Јанош Мартониј и претседателот на Европскиот парламент г.Јержи Бузек беше потпишана Регулативата за Европската граѓанска иницијатива.

За прв пат граѓаните на ЕУ можат да доставуваат директни предлози за законодавството на ЕУ. Според членот 11 од Лисабонскиот договор најмалку еден милион граѓани кои се државјани на значителен број земји-членки може да преземат иницијатива и да ја повикаат Европската комисија, во рамките на нејзините надлежности, да достави соодветен предлог за прашања за кои граѓаните сметаат дека е потребен правен акт на Унијата за целта на спроведување на Договорите.

Ова претставува значајна одредба во законодавството на ЕУ преку која може да се покренат одредени прашања за измена на прописите за вработување во странство, меѓусебно признавање на дипломи и сертификати, да се поедностават процедурите или отстранат постојните пречки во прекуграничните активности на претпријатијата, усогласување на прописите од областа на животната средина. Прашањата од национална надлежност, како што се голем број на даночни или национални правила за социјална помош, не можат да бидат изменети само преку Европската граѓанска иницијатива.

Со Регулативата се утврдуваат појасни критериуми за Граѓанската иницијатива, која претставува резултат на постигнатиот компромис во декември 2010 година меѓу трите главни институции на ЕУ: Советот на ЕУ, Европскиот парламент и Европската комисија.

По влегувањето во сила на Регулативата за Граѓанска иницијатива, земјите-членки, во период од една година, треба да ги прилагодат националните прописи, а собирањето на потписи за иницијатива на граѓани на ЕУ ќе може да започне најрано од март 2012 година.

**Петок, 25 февруари 2011**
**КОХЕЗИОНАТА ПОЛИТИКА - ГЛАВЕН ДВИГАТЕЛ НА РАСТОТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Од страна на Советот на Европската унија беа усвоени заклучоци во врска со Извештајот на Европската комисија во однос на економската, социјалната и територијалната кохезија во ЕУ, презентиран во ноември 2010 година. Во заклучоците на Советот, се потенцираше потребата за постојано остварување на целта за намалување на разликите помеѓу степенот на развој на различни региони на ЕУ и беше нагласен придонесот на кохезионата политика во однос на конкурентноста на ЕУ и целите за раст. Исто така, се нагласи дека кохезионата политика треба да се фокусира на ограничен број на приоритети во согласност со Стратегијата на ЕУ 2020 и одржување на доволна флексибилност за овозможување на регионалните потреби.

Во заклучоците, Советот повика на натамошна дискусија за следните предлози на Комисијата:

- создавање на „партнерски договор за развој и инвестирање“ што дава насоки за стратегија за инвестирање и развој за адресирање на приоритетите за работни места и раст, утврдени со Стратегијата на ЕУ 2020;
- листа на приоритети на кои треба да се фокусираат националните и ресурсите на ЕУ;
- механизми на условеност и поттикнување поврзани со кохезионата политика.

Европската комисија треба да поднесува извештај до Советот на секои три години, со цел да се оцени постигнатиот напредок во економската, социјалната и територијалната кохезија. Во петтиот извештај на ЕК поставени се идеите за реформа на кохезионата политика како резултат на дебатата започната со четвртиот извештај во 2007 година. Постојните правила за кохезионата политика имаат рок на важење до 2013 година. Коментарите од дебатата на Советот на ЕУ ќе придонесат во подготвувањето на пакетот на законодавство за структурните фондови по 2013 година од Комисијата.Во рамките на кохезионата политика, ЕУ кофинансира инфраструктурни проекти, го развива информатичкото општество и им помага на граѓаните да стекнат нови вештини. Целта е да се помогне во развојот на посиромашните региони, подобрување на можностите за вработување на луѓето и да се унапреди одржливиот економски развој насекаде во Унијата.

**Четврток, 3 март 2011 година**
**ГОДИШЕН ПОВИК НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА "ЖИВОТ ПЛУС"**



Европската комисија на 26 февруари 2011 година го објави петтиот по ред годишен повик за финансирање на проектни предлози во рамките на Програмата „Живот плус“, која претставува Европски финансиски инструмент за животна средина, воведен со Регулативата бр.614 од 9 јуни 2007 година.

Временскиот рок за испраќање на проектните предлози до надлежните државни органи беше до 18 јули 2011 година.

Комисијата ги проверува проектните предлози според критериумите од Програмата „Живот плус“ и ги оценува врз основа на критериумите за селекција и доделување.

Проектните предлози требаше да бидат насочени кон една од трите компоненти на програмата: природа и биодиверзитет, политика на животна средина и управување и информирање и комуникации. Достапните средства за кофинансирање на договорите за доделување на грантови изнесуваа 267 милиони евра.

Програмата „Живот плус“ е составена од три компоненти:

1. Компонента - *природа и биодиверзитет*; проекти наменети за подобрување и зачувување на загрозените видови и природните живеалишта, имплементација на ЕУ директивите за птици и природни живеалишта, мрежата Природа 2000 и целта на ЕУ да се спречат загубите на биодиверзитетот. Максималната стапка на кофинансирање може да достигне до 75% за приоритетни видови и живеалишта, но вообичаено е околу 50%;
2. Компонента - *политика на животна средина и управување*; иновативни или пилот проекти кои придонесуваат за развој на технологии, методи и инструменти во многу области: воздух, вода, клима, почва, земјоделство, отпад. Оваа компонента исто така дава поддршка на проекти за подобрување на имплементацијата на законодавството на ЕУ од областа на животната средина, за градење на политика на животна средина базирана на знаење и за развивање на еколошки информациски извори преку набљудување. Проектите од оваа компонента можат да бидат кофинансирани најмногу до ниво од 50%;
3. Компонента - *информирање и комуникација*; проектите се поврзани со комуникација и кампањи за подигање на свеста за животната средина, заштита на природата и биодиверзитетот и проекти за спречување на шумски пожари.

Повеќе информации за Програмата „Живот плус“ на: http://ec.europa.eu/life

**Петок, 4 март 2011 година**

## АГЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ РЕГУЛАТОРИ - НОВ ПОТТИК ЗА ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА УНИЈАТА

На 3 март 2011 година, Европскиот комесар за енергетика г.Гинтер Ојтингер и премиерот на Република Словенија г.Борут Пахор, на свечена церемонија ја официјализираа работата на Агенцијата за соработка на енергетските регулатори (ACER) со седиште во Љубљана.

Агенцијата за соработка на енергетските регулатори е основана согласно Регулативата на ЕЗ бр.713/2009 и е дел од Третиот пакет за либерализација на енергетскиот сектор кој обезбедува ефикасна регулаторна рамка за развој на отворени, интегрирани и конкурентни енергетски пазари во ЕУ.

Отворањето на Агенцијата се совпаѓа со стапувањето во сила на Третиот енергетски пакет кој се состои од две директиви и три регулативи. Директивата 2009/72/ЕС од 13 јули 2009 година за заеднички правила за внатрешниот пазар на електрична енергија и

Директивата 2009/73/ЕС од 13 јули 2009 година во врска заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас, треба да се транспонираат во националното законодавство на земјите членки од 3 март 2011 година.

Трите регулативи, Регулативата (ЕЗ) бр.713/2009 за основање на Агенција за соработка на енергетски регулатори, Регулативата (ЕЗ) бр.714/2009 за условите за пристап до мрежата за прекугранична размена на електрична енергија и Регулативата (ЕЗ) бр.715/2009 за условите за пристап до мрежите за пренос на природен гас, се директно применливи.

Агенцијата ќе ја надополнува и координира работата на националните регулаторни органи во областа на енергетиката, ќе помага во отстранување на техничките бариери во прекуграничната трговија со енергија, ќе ги координира активностите на националните енергетски регулатори и ќе помага за решавање на можните конфликти меѓу нив. На овој начин, ќе се придонесе за зголемување на конкуренцијата и обезбедување на фер цени за потрошувачите и компаниите.
Повеќе информации на веб-страницата на Агенцијата за соработка со енергетските регулатори: http://acer.europa.eu/

**Вторник, 29 март 2011 година**

**СТРАТЕГИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА КОНКУРЕНТЕН ТРАНСПОРТЕН СИСТЕМ ДО 2050 ГОДИНА - ВИЗИЈА ЗА МЕЃУСЕБНО ПОВРЗАНА ЕВРОПА**



Европската комисија, на 28 март 2011 година усвои сеопфатна стратегија за конкурентен транспортен систем со цел создавање на единствена европска транспортна област, целосно интегрирана транспортна мрежа со поголема конкуренција, за зголемување на мобилноста и отстранување на пречките во повеќе клучни области.

Транспортот е од витално значење за економијата, порастот на работните места и за квалитетот на животот. Плановите за поефикасен транспорт ќе ги поврзуваат патиштата во Европа, железничките, воздушните и водените мрежи, со цел да се намали зависноста на Европа од увозната нафта како и намалување на емисиите на стакленичките гасови од транспортот на 60% до 2050 година. Со мерките за поттикнување на поголеми инфраструктурни инвестиции, промената на начинот на движење на превозот и патувањето на луѓето, ќе се зајакне економската конкурентност и ќе се креираат нови работни места.

Планот со целите што треба да се остварат до 2050 година, фокусирани се на патувањата во и меѓу градовите, како и на подолги дестинации. За да се постигнат целите, потребна е трансформација на постојниот транспортен систем во ЕУ. За следната декада планирани се околу 40 конкретни иницијативи. До 2020 година ќе се изврши поврзување на информациите за патниците во Европа и товарниот превоз, управувањето и платежните системи, а до 2050 година сите поголеми аеродромски центри ќе треба да имаат брзи конекции со железничка мрежа. Сите значајни пристаништа ќе треба да бидат поврзани со железничка товарна мрежа.

Европската унија ќе ги прошири и координира принципите „корисникот плаќа“ и „загадувачот плаќа“, за финансирање на транспортната инфраструктура. Другите мерки ќе бидат: поттикнување на нови технологии на мотори, горива и системи за управување на сообраќај; до 2020 година координирање на управувањето на националните системи за контрола на воздушниот сообраќај преку Програмата на ЕУ за единствено европско небо со проширување во Единствена европска воздухопловна област со 58 земји; развивање на интелегентни системи за управување со превоз; намалување за половина на жртвите во патничниот превоз до 2020, со можност за намалување на стапката до нула до 2050 година.

**Вторник, 29 март 2011 година**

**СЕМЕЈНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОКУСОТ НА УНГАРСКОТО ПРЕТСЕДАЛЕСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Важноста на семејството и децата, инверзијата на неповолните демографски трендови во Европа, беа на агендата на Унгарското претседателство со Советот на ЕУ, за време на Европската недела посветена на популацијата и семејните прашања, која на 26 март 2011 година, беше отворена со посебна прес-конференција во Будимпешта, Унгарија. Во периодот од 28 март и 2 април, Европската недела „Европа за семејствата, семејствата за Европа“, вклучи меѓународни, стручни, научни и граѓански конференции и неформален состанок на министрите за демографија и семејни прашања.

Според унгарскиот министер за европски прашања, г-ѓа Енико Гјори "Унгарското претседателство сака да креира традиција, ставајќи ги семејството и семејните политики во центарот на вниманието". Усвојувањето на пакетот од шест закони беше со цел зајакнување на буџетот и макроекономската супервизија и е приоритет за Унгарското претседателство. Причината за ова е реформата на економското управување на ЕУ, која главно има за цел да ги спречи земјите-членки од финансирање на нивните трошоци со задолжување кое ќе се одрази на штета на идните генерации. Предлогот на Унгарското претседателство беше 2014 година да биде прогласена како година на семејствата. Во Унгарија беа одржани серија на настани од областа на работењето и семејната рамнотежа, кои завршија на 4 април со неформален состанок на министрите на ЕУ за семејни работи.

**Среда, 30 март 2011 година**

**ЕВРОПА ИМА ПОТРЕБА ОД ИНТЕГРИРАНА ПОЛИТИКА НА ВОДИТЕ**



На состанокот на Советот за животна средина што се одржа на 25 март 2011, беше констатирано дека е потребен интегриран пристап за иднината на водните ресурси во Европа. Различните политики на Унијата треба да бидат координирани со цел да се обезбеди заштита на водите.

Целта на Унгарското претседателство со Советот на ЕУ беше да го олесни донесувањето на заклучоци за одрживо

користење на водата, од страна на Советот за животна средина што се очекува да се одржи во јуни.

Во пораката до Европската комисија, беше нагласена потребата за интегрирана политика за управување со водите, која ќе постави среднорочни и долгорочни цели и способност за справување со предизвиците од климатските промени.

Пред состанокот на Советот, министрите присуствуваа на научна конференција на Унгарската академија на науките. Во текот на дискусиите, министри од пет европски земји потпишаа Меморандум за разбирање за воспоставување на прекуграничен природен резерват-биосферен резерват, кој ќе се наоѓа на брегот реките Мура, Драва и Дунав на територијата на пет земји. Три од земјите: Австрија, Словенија и Унгарија се членки на ЕУ, една земја Хрватска е кандидат за членство и Србија која не е членка на ЕУ. Во Унгарија постојат пет биосферни резервати, но овој ќе биде прво заштитено подрачје вон државните граници. Петте земји ќе треба да формираат координативно тело од петнаесет членови заради дефинирање на неопходните чекори за воспоставување на биосферниот резерват

**Четврток, 7 април 2011 година**
**ПОТПИШАНА ХАШКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА**



Министерот за јавна администрација и правда на Република Унгарија, г. Тибор Наврасикс, на 6 април 2011 година во Хаг, во име на Европската унија ја потпиша Хашката конвенција од 23 ноември 2007 за меѓународен надомест на детската поддршка и други форми на семејна поддршка.
Пристапувањето на ЕУ кон Конвенцијата ќе ги охрабри и другите држави, а досега е потпишана од САД, Норвешка, Украина и Буркина Фасо. Европската унија е вклучена во развојот на Конвенцијата уште од самиот почеток, некои од одредбите на Конвенцијата се вградени во Регулативата на Советот бр.4/2009/ЕС.

Откако секоја земја-членка на ЕУ ќе се произјасни, Унијата ќе ја склучи Конвенцијата. Меѓународната соработка во областа на воспоставување на детската поддршка и одржување на семејството има историја од повеќе од 50 години. Со Конвенцијата, овој вид на соработка се зголемува, се проширува полето на соработката, се поедноставуваат процесите и се зголемува ефикасноста.

Со Конвенцијата, за земјите потписнички ќе се обезбеди поширок опфат на услуги за лицата квалификувани за поддршка, како и обврска за ослободување од трошоци, во случај на надомест за детска поддршка во странство. Друга новина е тоа што помошта обезбедена од централните органи на земјите потписнички, може да се побара не само од страна на квалификуваните лица, туку и од должниците, доколку се промениле околностите или се оправда намалувањето или прекинувањето на поддршката.

Со цел да се постигне поефикасна соработка, со Конвенцијата се воведуваат задолжителни и препорачани форми на соработка, се предвидува прикажување на важни информации поврзани со случаи на детска поддршка на веб-страницата на Хашката конференција за меѓународно приватно право.

Државите потписнички на Конвенцијата треба да воспостават оперативен централен орган за брза обработка на претставки и ефикасно дејствување за заштита на барателите на детска поддршка. Во Република Унгарија ќе биде одговорен Одделот за судска соработка и меѓународно приватно право при Министерството за јавна администрација и правда.

**Петок, 8 април 2011 година**
**ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ВСЕЛЕНАТА**




Европската унија, од стратешки и економски причини има воспоставено сопствени програми за вселенска навигација и опсервација на Земјата: Европска служба за геостационарна навигација (ЕГНОС), Европскиот систем за сателитска навигација (Галилео) и Глобалниот мониторинг за животна средина и безбедност (ГМЕС). Врз основа на овие програми, Европската комисија цели кон градење на заедничка стратегија за вселена со цел заштита на независноста на ЕУ и позицијата на глобален лидер во технологијата за вселената.

Европска служба за геостационарна навигација е првиот чекор на ЕУ во сателитската навигација. Службата е оперативна низ Европа, вклучувајќи ја услугата за побезбеден авиосообраќај. Со програмата Галилео, за Европа ќе се обезбеди служба за глобална сателитска навигација независна од војската и различна од ГПС системот на САД. Системот на ЕУ за опсервација на Земјата ќе почне да функционира од 2014 година.

Предложената ЕУ стратегија за вселената ќе доведе до покоординирани инвестиции, пораст и ќе придонесе за зголемување на вработувањата. Имајќи ја предвид важноста од економските, општествените и стратешките предизвици поставени се следните приоритети на Европската стратегија за вселената:

- да се продолжи со остварување на европските програми за сателитска навигација (Галилео и ГМЕС) и да се развиваат нови услуги за бизнисите, владите и пошироката јавност;
- подобрување на ГМЕС заради попрецизно следење на климатските промени;
- подобрување на способноста на ЕУ за контрола на морињата, границите и ефикасно реагирање на кризи во ЕУ и други места;
- формирање на систем за заштита на комуникациски сателити и друга критична инфраструктура за вселената;
- вклучување на ЕУ во истражувања на вселената;
- за сите земји-членки обезбедување на пристап до вселената и меѓународната вселенска станица;
- развивање на индустриска политика со Европската агенција за вселена и земјите-членки на ЕУ;

- поголемо инвестирање во истражување на вселената и поврзани иновативни технологии;
- искористување на напредни вселенски технологии заради подобрување на транспортот, животната средина, безбедноста, одбраната и информатичките технологии.

Членот 189 од Лисабонскиот договор на Европската унија ѝ дава експлицитна улога да формира еввропска политика за вселената, со цел унапредување на научниот и техничкиот напредок, индустриската конкурентност и спроведување на политиките. Политиката за вселената е клучен елемент во Стратегијата Европа 2020 и составен дел на индустриската политика. Подобрите телекомуникации, навигации и системи за мониторинг на животната средина им помагаат на компаниите да развиваат нови иновативни услуги, да создаваат високо квалификувани работни места, повеќе можности за бизнис и индиректни технологии.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/enterprise/policies/space/esp/index_en.htm

**Понеделник, 11 април 2011 година**
**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА**

Под мотото "Енергија за одржлива иднина", на 11 април 2011 година започна Европската недела на одржлива енергија, која се одбележа во 44 земји, меѓу кои и во Република Македонија. Ова претставуваше клучен годишен настан од европската кампања за одржлива енергија која придонесува за постигнување на целите од ЕУ 2020, поврзани со енергетската политика.

Европската недела на одржлива енергија вклучуваше тридневна конференција организирана од Извршната агенција за конкурентност и иновации (EACI) во име на Европската комисија и Генералниот директорат за енергетика. Во рамките на конференцијата се одржа церемонија на доделување на награда за најдобри проекти од областа на одржлива енергија. Европскиот комесар за енергетика, г. Гинтер Ојтингер, на 12 април го отвори настанот и се осврна на прашања од областа на енергетската ефикасност. Останати теми за кои се дискутираше беа: обновливите извори на енергија, технологии за намалување на емисиите на јаглеродниот диоксид и одржлив урбан транспорт. Околу 30.000 учесници беа дел од 600 настани ширум Европа.

Република Македонија како земја учесничка, ги организираше следниве настани:

- 11 април 2011, ЕУ Инфоцентар: Панел дискусија за предизвиците и можностите на македонскиот енергетски систем,
- 12-17 април 2011, Музеј на Македонија: Изложба на тема: сонце, ветер, вода, почва и
- 16 април 2011, Плоштад Македонија-едночасовно возење со алтернативни превозни средства.

Повеќе информации на следниот линк: http://www.eusew.eu/

**Вторник, 19 април 2011 година**

## ДВАНАЕСЕТ МЕРКИ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР ВО 2012 ГОДИНА

Европската комисија на 13 април 2011 година презентираше конечна верзија за актот за Единствениот пазар со листа на приоритетни иницијативи во клучни области со цел ослободување на потенцијалот за економски раст, обновување на довербата на граѓаните и бизнис заедницата кон придонесите од Единствениот пазар. Ова претставува клучен столб во рамките на Стратегијата Европа 2020.

Единствениот пазар на ЕУ претставува заедничка област помеѓу 27 земји-членки каде стоките, услугите, капиталот и луѓето можат слободно да се движат, обезбедува европските граѓани слободно да живеат, работат, учат и да водат бизнис каде што сакаат во Унијата. Единствениот пазар е суштината на соработката меѓу земјите-членки на ЕУ. Како едно од најголемите достигнувања на ЕУ, Единствениот пазар во периодот 1992-2009 помогнал да се создадат дополнителни 2.750.000 работни места, генерирал дополнителен раст на европската економија од 2,15%, го потврдил капацитетот за поддршка на конкурентноста на претпријатијата (особено малите и средните претпријатија), истовремено понудил и значајни предности за европските граѓани.

Ефектите од финансиската криза сè уште имаат одраз врз Европа. Околу 10% од активното население на ЕУ е невработено и е важно да се искористат сите можни потенцијали на Единствениот пазар заради обезбедување на економски развој и вработување на населението.

Во комуникацијата на актот за Единствениот пазар беа поставени 12 клучни мерки за зајакнување на растот, конкурентноста и подобрување на довербата на граѓаните:

- воведување на законодавство за подобрување на пристапот до финансии за повеќе од 20 милиони мали и средни претпријатија во ЕУ;
- модернизација на законодавството со цел олеснување на мобилноста на граѓаните;
- поддршка на истражувањето и иновациите преку воведување на унитарна заштита на патенти и унифициран патентен систем;
- олеснување на алтернативното решавање на спорови на Единствениот пазар како помош во релациите меѓу потрошувачите и бизнисите;
- подобрување на транспортната и енергетската инфраструктура преку воведување на законодавство;
- зголемување на слободното движење на услуги преку дефинирање на стандардите за услуги на европско ниво;
- развивање на дигитален единствен пазар;
- олеснување на социјалното претприемништво;
- обезбедување на усогласени даночни постапки за различни видови на енергија;
- подобрување на социјалната кохезија;
- поедноставување на сметководствените правила заради подобрување на деловно опкружување и
- модернизација на законодавството за јавните набавки.

Приоритетните мерки се очекува да се применат до крајот на 2012 година, со што би се обележала и 20-годишнината од европскиот Единствен пазар.

Посебен дел во документот е посветен на управувањето со Единствениот пазар, фокусиран на дијалогот со граѓанското општество, партнерски пристап со сите учесници на пазарот, подобро информирање на граѓаните и бизнис секторот и подобра имплементација на правилата за Единствениот пазар.

Конечната работна програма за актот за Единствениот пазар е резултат на придонесот на Европскиот парламент, Советот на ЕУ, Европскиот комитет за социјални и економски прашања и Комитетот на региони, јавните дебати, како и анализата од четиримесечните консултации и повеќе од 800 одговори од засегнати страни - граѓани, трговски здруженија, индустриски федерации, невладини организации, здруженија на потрошувачи.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/smact/index_en.htm

**Вторник, 19 април 2011 година**
**ШЕСТ ЗАКОНСКИ ПРЕДЛОЗИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО МАКРОЕКОНОМСКИОТ ДЕБАЛАНС**

Економската и финансиската криза беше причината за потемелно усогласување на економските политики на земјите-членки на ЕУ, со цел подобро справување со слични кризи во иднина. Кај земјите-членки постигнат е договор за обновување на економското управување на ЕУ. Како дел од мерките е изготвување на одредени механизми на Заедницата, заедно со спроведување на буџетски надзор, со цел справување со макроекономскиот дебаланс.

Во септември 2010 година, од страна на Европската комисија, беше поднесен пакет од шест закони кои имаат за цел основање на економски столб на Економската и Монетарната унија.

Една од задачите на Унгарското претседателство со Советот на ЕУ беше да ги усогласи законските предлози на Комисијата, министерските работни групи и Европскиот парламент како и да спроведе дебата за пакетот од шест предлози кој содржи:
- регулатива за измена на Регулатива 1466/97/ЕС;
- регулатива за измена на Регулатива 1467/97/ЕС;
- нова директива за барања на буџетска рамка за земјите-членки;
- нова регулатива за спречување и корекција на макроекономски дебаланс;
- регулатива за ефикасно спроведување на буџетски надзор во еврозоната;
- регулатива за спроведување на мерки за корегирање на прекумерен макроекономски дебаланс во еврозоната.

За усвојување на четири од шесте законски предлози, потребно е да се обезбеди одобрување од надлежното тело за соодлучување, додека во случајот со другите два законски предлози, Советот треба да го консултира Европскиот парламент.

**Среда, 20 април 2011**
**ПРЕДЛОЗИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕДИНСТВЕНА ЗАШТИТА НА ПАТЕНТИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Европската комисија на 13 април 2011 година презентираше предлози за унифицирање на патентите во ЕУ, според кои пронаоѓачите на патенти: индивидуалци, компании или институции, ќе може да ги заштитат сопствените патенти во 25 земји членки со поднесување на само една апликација. По одобрувањето, патентот нема да има потреба да се заверува во секоја земја одделно. Апликациите за патент може да бидат поднесени на било кој од официјалните јазици на ЕУ. Сепак, врз основа на јазичниот режим на Европската канцеларија за патенти (ЕПО), апликациите и понатаму ќе бидат разгледувани и одобрувани на англиски, француски или германски јазик. Барањето за патент со кое се дефинира областа на заштита ќе треба да се преведе на останатите два официјални јазици на ЕПО.

Актуелниот систем на заштита на патенти создава потешкотии во Внатрешниот пазар на Унијата и кај корисниците поради високите трошоци и административните процедури. Според постојните правила, патентите се полноважни само во пет земји членки на Унијата. За предлозите на Комисијата за унифицирана заштита на патенти повеќе од една деценија се воделе дискусии. Во јуни 2010 година, Комисијата направи обид за надминување на потешкотиите околу јазичните правила, со поднесување на Предлог за јазични барања на ЕУ за патентирање (IP/10/870), но на Советот на министри на ЕУ не се успеа да се постигне едногласен договор. Сепак, 25 земји членки на ЕУ одлучиле да се најде решение за ова прашање, а засега Италија и Шпанија не учествуваат.

Со единствените правила за патентирање ќе се поедностави сегашниот систем, ќе се намалат трошоците за преведување, ќе се стимулира истражувањето, развојот и инвестирањето во иновации со што би се зајакнал економскиот развој на ЕУ. Предлозите на Комисијата беа доставени до Советот и Европскиот парламент, за усвојување. За да се усвојат предлозите за единствена заштита на патенти потребно е квалификувано мнозинство од 25 земји членки и мора да се гласа во Европскиот парламент (со вообичаена законодавна процедура).
Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/internal_market/indprop/patent/index_en.htm

**Четврток, 21 април, 2011 година**
**ПРЕДЛОГ ЗА РЕВИЗИЈА НА ДИРЕКТИВАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКО ОДДАНОЧУВАЊЕ НА СОВЕТОТ**



Европската комисија, на 13 април 2011 година, го претстави предлогот за ревизија на Директивата на Советот од 27 октомври 2003 година за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (2003/96/ЕЗ). Енергетското оданочување постои во сите земји-членки на ЕУ и е усогласено до одреден степен на ниво на ЕУ. Директива за енергетско оданочување од 2003 година ги поставува заедничките правила за тоа што е предмет на оданочување и дозволените исклучоци.

Согласно Стратегијата Европа 2020, која ги утврдува енергетските и климатските цели на Европската унија за следната деценија, Директивата за енергетско оданочување ќе биде новата рамка според која европската даночна политика ќе придонесува за позелен развој.

Предлогот е во правец на реструктуирање на моменталното оданочување на енергијата на пообјективен начин, водејќи сметка за емисиите на CO2 и енергијата содржана во енергетските производи. Воведувањето на елементот CO2 во енергетското оданочување е во согласност со обврските на ЕУ за справување со климатските промени. Во зависност од степенот на емисиите на CO2 кај одделни горива, соодветно ќе се пресметува и оданочувањето, повисоките емисии ќе имаат поголемо оданочување.

Придобивките од ревизијата на Директивата се во полза на обновливите извори на енергија, ќе се поттикне потрошувачката на енергенси кои емитуваат помалку CO2. Во моментов, најголеми загадувачи се изворите на енергија кои се со најмало оданочување, додека биогоривата имаат највисока стапка на оданочување. Иницијативата ќе помогне на ЕУ во исполнувањето на целите за енергијата и климатски промени, како што беше побарано во заклучоците на Европскиот совет од март 2008 година и беше повторено на Конференцијата на ОН за климатски промени во декември 2010 година одржана во Канкун, Мексико.

Се предвидува актот да стапи во сила во 2013 година. За земјите-членки ќе биде предвиден период на усогласување, во кој ќе треба постепено да ги реструктуираат даноците и да им овозможат на националните администрации, бизнисите и енергетските сектори да се прилагодат.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/taxation_customs/index_en.htm

**Среда, 25 мај 2011 година**
**ЕВРОПСКА "ЗЕЛЕНА НЕДЕЛА 2011"**




На 24 мај во Брисел беше отворена конференција посветена на Европската зелена недела 2011, со повик кон граѓаните "*да се користи помалку - да се живее подобро"*. Конференцијата се одржа до 27 мај 2011 година при што зедоа учество околу 3500 европски експерти, научници, бизнис лидери, владини претставници кои дебатираа и разменија мислења за пристапот на Европската унија за заштита, зачувување и подобрување на животната средина. На околу 50 штандови организациите и компаниите имаа можност да ги изложат најдобрите практики за ефикасно користење на ресурсите. Во рамките на настанот беа одржани и околу 30 активности надвор од Брисел, меѓу кои во Словенија и во Полска.

Ефикасноста на ресурсите подразбира користење на ограничените ресурси на Земјата на одржлив начин. Зависноста од ресурсите како што се металите, минералите, горивата, водата, чистиот воздух, плодната почва, е важна за опстанокот како и за

здрава модерна економија. Се додека овие ресурси се ограничени, истите мора да се користат на одржлив начин. Европа со ефикасни ресурси е приоритет на Европската унија како дел од Стратегијата 2020 за одржлив раст и работни места.

Овогодинешиот форум "Зелена недела 2011", не ги опфати само прашањата за поставување на ограничувања на потрошувачката на ресурсите. Достигнувањето на ефикасност на ресурсите претставува широк спектар на можности за раст и работни места.

Европската комисија, во својата комуникација од 26 јануари 2011 година, веќе изнесе предлози за паметно користење на природните ресурси, за заштита на животната средина и економски раст. Дискусиите кои се водеа во рамките на Зелената недела 2011, беа со цел да се помогне за зголемување на ефикасноста, продуктивноста и конкурентноста. Исто така се опфатија и теми од областа на зелените хемикалии и вештини, вработувања, финансирање на еко-иновации и претворање на отпадот во ресурси.

Еден од најзначајните моменти на манифестацијата беше посетата на Solar Impulse на аеродромот во Брисел, првиот авион дизајниран за дневни и ноќни летови без користење на гориво и без производство на јаглерод диоксид. Истиот бише изложен во Брисел од 23-29 мај 2011 година.

Повеќе информации на следниот линк:
http://www.greenweek2011.eu/

**Среда, 25 мај 2011 година**
**АКТИВНА УЛОГА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНАТА РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА**



Во рамките на програмата на Унгарското претседателство со Советот на ЕУ, на 17 мај 2011 година се одржа Конференција на која на пленарна сесија беше дебатирано за структурниот дијалог за зајакнување на меѓународната развојна политика на Европската унија. На конференцијата од страна на државниот министер за надворешни работи на Унгарија г. Золт Немет беше поздравена иницијативата на Европската комисија за издавање на комуникација за вклучување на граѓанското општество и локалните власти во креирање на развојната политика.

Структурниот дијалог беше инициран во мај 2010 година од страна на Европскиот комесар за развој г. Андрис Пиебалгс, со цел создавање на поефикасна развојна политика на ЕУ со вклучување на граѓанските организации и локалните власти и имајќи ги предвид нивните потреби. Во рамките на Конференцијата, комесарот Пиебалгис ги поздрави напорите на Унгарското претседателство со ЕУ за организирање на настанот и истакна дека неколку општества во развој во изминатиот период достигнаа ново поглавје, а граѓанскиоте општества и локалните власти одиграа

клучна улога во градењето и одржувањето на демократијата, доброто управување и владеење на правото како и во обезбедување на човековите права.

Локалните и меѓународните акции треба да бидат одржливи со цел да се надминат глобалните предизвици и да се олесни инклузивниот и одржлив развој. На Конференцијата беше истакната важноста на соработката со локалните власти и организациите на граѓанското општество како и институционализирање на дијалогот.

**Понеделник, 30 мај 2011 година**

## НОВА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА ЗА СОСЕДСТВО



Европската комисија на 24 мај 2011 година усвои ревидирана Европската политика за соседство изградена врз основа на постигнувањата на политиката на соседство промовирана во 2004 година. Европската политика за соседство ќе понуди нов вид на поддршка во повеќе области од општеството и ќе воведе поголема мотивација за преземање на реформи.

Обновената Европската политика за соседство содржи шест основни столба:

- *поддршка на процесот кон висока демократија*; слободните и фер избори треба да бидат придружени со почитување на владеењето на правото, човековите права и основните слободи. Ова ќе се постигне преку создавање на партнерства во рамките на секоја соседна земја во ЕУ и подостапна поддршка на граѓанските организации.
- *интензивирање на политичката и безбедносната соработка*; предлогот ги опфаќа начините за поголемо вклучување на Унијата во решавање на подолготрајни конфликти во регионот.
- *поддршка за одржлив економски и социјален развој*; трговијата е клучна за создавање на работни места, зголемување на растот и подобрување на социјалната заштита.
- *создавање на мобилни партнерства* со цел олеснување и добро менаџиран пристап до каналите за легална миграција и зајакнување на капацитетите за гранично управување и борбата против илегалната миграција.
- *зајакнување на Источното партнерство и градење на партнерство за демократија и споделен просперитет во јужниот дел на Медитеранот*; ЕУ во соработка со источното соседство се обврзува да ги имплементира договорите за асоцијација, тежнеејќи кон демократизација и либерализација на визниот режим, подобрување на секторската соработка и зајакнување на соработката со граѓанското општество.
- *обезбедување на дополнителни средства* од 1.240 милиони евра за поддршка на развојот и финансирање на нови иницијативи, особено за соработка со граѓанското општество и руралниот и регионалниот развој.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/world/enp/index_en.htm

**Понеделник, 30 мај 2011 година**

**НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕФИКАСНА ПОЛИТИКА ЗА МИГРАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Слободното движење претставува фундаментално право на сите граѓани на Европската унија. Притисокот од имиграцијата врз надворешните граници на ЕУ треба да биде ефикасно управуван и во исто време да го поттикнува легалниот влез на квалификувана работна сила.

Унијата се обидува да создаде заеднички систем за азил, да ги зајакне граничните контроли, да го зголеми надзорот над границите и безвизните области, а политиката на имиграција да ја користи со цел да помогне и во пополнувањето на празнините на пазарот на трудот. Од почетокот на 2011 година, политичките немири во Северна Африка доведоа 25.000 имигранти на бреговите на ЕУ, главно во Италија и Малта. Унијата тежнее кон развивање на мобилни партнерства за да им помогне на Тунис, Египет и Мароко да креираат програми за вработување во ЕУ. Партнерствата вклучуваат и перспективи за полесно добивање на визи за студенти, бизнисмени и истражувачи.

Европската комисија на 24 март 2011 година предложи пакет на иницијативи за подобро управување со миграциските текови од јужниот регион на Медитеранот, како и амандмани на визната регулатива со цел да се обезбеди дека безвизниот режим нема да биде злоупотребен. Новите предлози на Комисијата посветени на миграцијата ги диференцираат економските имигранти кои легално влегуваат во ЕУ, како и бегалците, барателите на азил и привремено раселените лица кои сакаат да се вратат во матичните држави.

Пакетот на иницијативи вклучуваше три елементи:

1. комуникација на ЕК од 4 мај 2011 до Европскиот парламент, Советот на ЕУ и Европскиот економско-социјален комитет насловена како "Дијалог за миграција, мобилност и безбедност со земјите од Јужниот регион на Медитеранот", чија цел е формирање на мобилно партнерство меѓу ЕУ и државите од Северна Африка.
2. Годишен извештај за имиграција и азил за 2010 година, со кој се истакнати главните достигнувања во областа на миграцијата во ЕУ и на национално ниво.
3. предлог за измена на Регулативата 539/2001 на Советот од 15 март 2001 година за листа на трети земји чии државјани мора да поседуваат визи при преминување на надворешните граници и за земји чии државјани се ослободени од барањето. Со амандманите за измена на оваа Регулатива се предлагаше воведување на дозволена заштитна клаузула при одредени исклучителни услови за привремено воведување на виза за трети земји.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/index_en.htm

**Петок, 17 јуни 2011 година**

**ПРЕПОРАКИ НА КОМИСИЈАТА ДО ЗЕМИТЕ-ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ БУЏЕТИ И ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ЗА 2011-2012 ГОДИНА**



Европската комисија на 7 јуни 2011 година препорача мерки кои треба да ги превземат земјите членки на ЕУ со цел да го стимулираат економскиот раст, за создавање на повеќе работни места како и одржување на контрола на јавните финансии.

Објавените препораки се базираат на темелна проценка на плановите на секоја земја членка за цврсти јавни финансии (преку програми за стабилност или конвергенција) и мерките на политиката за зголемување на растот и работните места (преку национални реформски програми).

Со препораките на Комисијата повика за:

- интензивирање на напорите со цел да се постигнат целите за вработување, истражување и развој, енергетска ефикасност, високото образование и намалување на сиромаштијата;
- поголема посветеност за намалување на долговите и ограничување на јазот меѓу трошоците и даночните приходи за да се обезбеди дека националните буџети се во согласност со целите на ЕУ;
- зголемување на возраста за пензионирање;
- борба против структурната невработеност и интегрирање на ранливите групи во пазарот на труд;
- намалување на невработеноста кај младите и учениците кои порано го напуштаат образованието.

Овие препораки беа дел од шестмесечниот процес познат како Европски семестар што се спроведува во текот на секоја година кога владите на земјите членки на ЕУ вршат меѓусебни интензивни консултации при креирањето на сопствените буџети и економски политики. По одобрување на препораките секоја земја-членка на Унијата ќе треба да ги вклучи препораките во националниот буџет за 2011-2012. Комисијата и земјите членки ќе го надгледуваат спроведувањето на мерките од страна на секоја земја.

**Петок, 24 јуни 2011 година**

**СИЛЕН ПОТТИК ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЗАШТЕДА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**




Европската комисија во март 2011 година објави План за енергетска ефикасност како инструмент за активирање на процесот на обнова кај јавниот и приватниот сектор за градење, подобрување на енергетските перформанси на корисничките уреди и подобрување на енергетската ефикасност во домаќинствата и индустријата.

На 22 јуни 2011 година Комисијата презентираше нов законодавен предлог - директива за енергетска ефикасност, со која клучните активности предложени во Планот за енергетска ефикасност ќе станат обврзувачки мерки за земјите-членки на Унијата. Предложениот нов пакет на мерки на Комисијата е во насока на зголемување на енергетската ефикасност и стекнување на значајни придобивки за домаќинствата, претпријатијата и државните органи. Со предложените мерки земјите-членки на ЕУ поефикасно ќе ја користат енергијата, во сите фази - од трансформација на енергијата, дистрибуција до крајната потрошувачка.

Амбициозните мерки предложени од Комисијата се однесува на следното:

- законска обврска за воведување на шеми за енергетска заштеда во сите земји членки на ЕУ. Енергетските дистрибутери или компаниите за продажба на енергија на мало ќе бидат обврзани годишно да остварат заштеда од 1,5% од нивната продажба на енергија и да ги имплементираат на мерките за енергетска ефикасност (преку подобрување на ефикасноста на грејните системи, инсталирање на двојни прозори и покриви со изолација кај сите крајни потрошувачи).
- јавниот сектор и државните органи да имаат водечка улога во поттикнување на пазарот на енергетски ефикасни и услуги. Постепено да се намалува потрошувачката на енергија во просториите на државните органи.
- потрошувачите ќе имаат лесен и бесплатен пристап до податоците за потрошена енергија преку попрецизни индивидуални бројачи со што ќе можат подобро да управуваат со потрошувачката и да остварат заштеда на енергија.
- во индустријата ќе се стимулираат малите и средни претпријатија да вршат енергетска ревизија и да применуваат најдобри практики. Големите компании ќе треба да извршат ревизија на потрошувачката на енергија со цел да идентификуваат потенцијал за енергетска заштеда.
- следење на степенот на ефикасност кај новите капацитети за производство на енергија, воведување на национални планови за греење и ладење како база за планирање на ефикасна инфраструктура.
- да се постигне ефикасност во преносот и дистибуцијата на енергија, така што националните енергетски регулатори да ја земат во предвид енергетската ефикасност при донесувањето на нивните одлуки, особено при одобрувањето на мрежните тарифи.

Предлозите на Комисијата се во насока на повикот за превземање на акција од состанокот на Европскиот совет во февруари 2011 година, Енергетскиот Совет и Европскиот парламент, за постигнување на целите за намалување на потрошувачката на енергијата за 20% до 2020 година. Со новата директива се предвидува до 2014 година Комисијата да изврши проценка на постигнатиот напредок во исполнување на целта за намалување на енергетската потрошувачка од 20% до 2020 година. Доколку се оцени дека е потребно ќе се предложат нови законски предлози за поставување на задолжителни национални цели за енергетска ефикасност.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/energy/efficiency/eed/eed_en.htm

**Среда, 29 јуни 2011 година**
**НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ИЗМАМИ**

Европската комисија на 24 јуни 2011 година усвои нова Стратегија за борба против измами која има за цел да ги ажурира и модернизира начините за спречување на измами на буџетот на Европската унија како и да обезбеди дека со истиот се управува во согласност со принципите за стабилно финансиско управување. Во 2000 година Комисијата ја усвои Стратегијата за борба против измами, чија што цел беше да обезбеди дека парите на даночните обврзаници се трошат правилно. Во изминатиот период е покажано дека особено организираниот криминал брзо се адаптира на новите околности, а правилата се заобиколуваат. Дополнително, реформата на институциите на ЕУ, проширувањето и новиот пристап во финансиското управување, налагаат одредени промени. Од овие причини, Комисијата оцени дека е време да се одговори на новите предизвици преку нова обновена стратегија за борба против измами.

Комисијата и земјите членки директно се одговорни за правилна имплементација на буџетот на ЕУ. Земјите членки ги администрираат скоро сите буџетски приходи, а исто така го споделуваат управувањето со буџетските трошоци од околу 80%, заедно со Комисијата. Останатите 20% од трошоците директно се управувани преку службите на Комисијата и еден дел со администрации на вон-европски држави и меѓународни организации.

Стратегијата претставува еден сеопфатен пристап за справување со измами и корупција, дополнета со иницијативите на ЕК од март 2011 година за реформа на Европската канцеларија за спречување на измами, комуникацијата за заштита на финансиските интереси на ЕУ преку кривичниот закон и административни истраги и со комуникацијата за борба против корупцијата во ЕУ. Паралелно, стратегијата ќе промовира акционен план за борба против недозволена трговија со цигари и алкохол на источната граница на ЕУ.

Неколку европски институции претходно повикаа на слично дејствување. Европскиот парламент ја повика Комисијата да се подобри ефикасноста на наплатите системи и да се обезбедат консолидирани податоци за наплатите и финансиските корекции. Во 2010 година, Европскиот суд на ревизори препорача за потребата за поедноставување на европските правила, подобрување на транспарентноста и контролата на фондовите на ЕУ. Исто така, во 2010 година Советот ја усвои повеќегодишната Стокхолмска програма со која се повикува ЕУ и земјите членки да ги интензивираат напорите во борбата против корупција и други форми на финансиски криминал.

Имплементацијата на Стратегијата треба да заврши до 2014 година. Одредени мерки, како ревизија на директивите за јавните набавки веќе се спроведуват. Стратегијата беше доставена до Европскиот парламент, Советот, Европскиот суд на ревизори, Европскиот економско-социјален комитет, кои може да усвојат резолуции, заклучоци и мислења кои ќе бидат земени во предвид од Комисијата во периодот на имплементацијата.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/anti_fraud/index_en.html

**Среда 29 јуни 2011 година**
**НОВА ДИРЕКТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**




Европскиот парламент на 23 јуни 2011 година усвои нова Директива за заштита на потрошувачите со која се обезбедува поголема заштита од нелојални практики во трговијата. Советот веќе го одобри компромисниот предлог во рамките на Унгарското претседателство со Европската унија.

Со новата директива ќе се зголеми заштитата на потрошувачите во ЕУ, особено во сегментот на продажба надвор од простории, преку телефон и сеповеќе популарната онлајн продажба. Рокот во кој купувачите ќе имаат право да ја отповикаат набавката се зголемува на 14 дена, за разлика од 7 дена според досегашните прописи. Директивата ги усогласува податоците кои продавачите се обврзани да им ги дадат на купувачите пред склучување на договорот.

Европската комисија во 2008 година предложи измена на четири директиви за заштита на потрошувачите како и нивна консолидација со цел да се поедностават прописите и да се појаснат правилата за потрошувачите пред склучување на договор. Новата европска директива за заштита на потрошувачите треба да биде одобрена од министрите на ЕУ, а земјите-членки ќе треба да ја имплементираат во рок од две години.

**Петок, 1 јули 2011 година**
**ПОЛСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Во текот на втората половина од 2011 година, од 1 јули до 31 декември, Полска го превзеде претседателство со Советот на Европската унија. Главната задача на Полското претседателство беше да ја води ЕУ на патот кон побрз економски раст и подобра политичка заедница. За да се постигнат овие цели Полското претседателство се концентрираше на три основни приоритети: "Европската интеграција како извор на раст", "Безбедна Европа" и "Придобивките за Европа од нејзината отвореност".

Полското претседателство со Советот на ЕУ посветено работеше на зајакнување на економскиот раст преку натамошен развој на Внатрешниот пазар и користење на буџетот на ЕУ за градење на конкурентна Европа. Посебен акцент се постави на развојот на електронските услуги, преку превземање на акции за отстранување на бариерите кои ги попречуваат прекуграничните on-line трансакции како и продолжување со работата за намалување на трошоците за роаминг. Во однос на реформите на Внатрешниот пазар, Претседателство работеше на подобрување на условите за малите и средни претпријатија, со посебен фокус на нивниот пристап до капиталот.

Подобрувањето на економското управување во ЕУ беше примарна задача на Полското претседателство во областа на економијата и финансите. Претседателството ги поддржуваше акциите и предлозите кои се во насока на подобрување на законската регулатива и супервизија на финансиските пазари. Чекор напред кон зголемување на безбедноста на Европа е создавање на основа за надворешна енергетска политика на ЕУ, реформа на Заедничката земјоделска политика на ЕУ, поефикасно користење на европските фондови како и зајакнување на граничната безбедност. Важен елемент на Претседателството беше зајакнување на воените и цивилните способности на ЕУ.

Во однос на проширувањето, намерата на Полска беше да се постигне чекор напред. Важна цел на Полското претседателство беше финализирање на пристапните преговори со Хрватска и потпишување на договор за пристапување во ЕУ. Исто така, се вложија напори да се искористат сите околности за поддршка за продолжување на преговорите со Турција, да се обезбеди значителен напредок во пристапните преговори со Исланд како и поддршка на европските аспирации на земјите од Западен Балкан.

Главните задачи на Претседателството беа фокусирани на три прашања од клучно значење:

- у правување со работата на Советот на ЕУ и неговите помошни тела (работни групи и комисии), како и на Европскиот совет,
- претставување на Советот на ЕУ и неговата соработка со другите институции на ЕУ и
- претставување на ЕУ во меѓународните односи, со трети земји и меѓународни организации.

Министерството за животна средина и Министерството за надворешни работи на Полска започнаа проект познат како "Зелено претседателство". Проектот промовираше зачувување на природните ресурси и прифаќање на стандардите за заштита на животната средина при организирањето на настани и средби во рамките на Претседателството. Целта на овој проект беше да се нагласи дека Полска е еколошки свесна земја и дека Претседателството и неговите подготовки може да влијаат врз животната средина. Министерството за животна средина на Полска издаде бројни публикации со практични упатства за организирање на "зелени" состаноци (двострано принтање на конференциски материјали на еколошка хартија, обезбедување на енергетско-ефикасна аудио и видео опрема, користење на пластични садови, намалување на осветлувањето, греење и климатизација).

За повеќе информации на веб-страницата на Полското претседателство со ЕУ: http://pl2011.eu/en

**Четврток, 14 јули 2011 година**

## НОВА МОДЕРНИЗИРАНА ПОЛИТИКА ЗА РИБАРСТВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската комисија на 13 јули 2011 година презентираше предлози за нов поедноставен систем за управување со рибарството на ниво на Европската унија со цел да обезбеди обновување и здраво ниво на рибните залихи, а на граѓаните на Унијата да им овозможи стабилно и безбедно снабдување со храна на подолг период. Со новите

мерки во секторот за рибарство ќе се создадат можности за раст и отворање на нови работни места во крајбрежните области.



Потребата од реформа на политиката за рибарство произлегува од поголемите количини на уловени риби во однос на природната репродукција што предизвикува уништување на одредени видови на риби и претставува закана за севкупниот морски екосистем. Во 2002 година направена е последната реформа на политиката за рибарство, а во 2009 година Комисијата започна широка јавна дебата со владини претставници, организации и граѓани за начинот на управување со рибарството во ЕУ.

Со предложените мерки се предвидува: воведување на систем за долгорочно управување, намалување на бројот на капацитетите за риболов преку воведување на пазарни мерки, забрана за отфрлање на непотребниот улов, децентрализирано донесување на одлуки, развивање на одржлива аквакултура, подобрување на научните сознанија за состојбата со рибните залихи и промовирање на одржливо управување и одржување на рибните ресурси на меѓународно ниво.

Новиот пакет на мерки е поднесен за усвојување до Европскиот парламент и Советот, во законодавна постапка на коодлучување. Целта на Комисијата е новата законска рамка да биде усвоена и да влезе во сила до јануари 2013 година.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/fisheries/reform/index_en.htm

**Вторник, 26 јули 2011 година**
**РЕВИЗИЈА НА ДИРЕКТИВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТРАНСЕВРОПСКИТЕ ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ**



Во рамките на Полското претседателство со Советот на Европската унија, во организација на Европскиот економско-социјален комитет, во соработка со Министерството за инфраструктура, на 20 јули 2011 година, во Варшава беше одржана конференција посветена на „Обновување на трансевропските транспортни мрежи - остварување на рамномерна транспортна политика на ЕУ". На Конференцијата беа дебатирани прашања за новите инструменти за финансирање на инфраструктурните инвестиции, целите на транспортната политика на ЕУ како и улогата на новите технологии во транспортните системи.

Постигнување на значаен напредок во процесот на ревизија на трансевропските транспортни мрежи беше еден од приоритетите во областа на транспортот на Полското претседателство со ЕУ.

На конференцијата беа претставени мислењата од Европскиот економско-социјален комитет во поглед на одржливиот развој на транспортната политика и трансевропските транспортни мрежи, а се однесуваат на мобилизација на приватните финансии, користење на јавно-приватните партнерства и фондовите на ЕУ, покриеност преку структурните и кохезионите фондови, како и активно финансирање преку Европската инвестициона банка.

Целта на новите законски предлози на Европската комисија, беше создавање кохезивен транспортен систем на Унијата, обезбедување на рамномерен развој на инфраструктурата на трансевропските транспортни мрежи и зајакнување на најважните комуникациски правци на ЕУ со трети земји.

Директивите на Заедницата во поглед на развојот на трансевропските транспортни мрежи се ревидираат на пет години, а последната ревизија е извршена во 2004-2005 година. Актуелната ревизија на директивата е во интерес на преглед на приоритетните завршени проекти на земјите-членки во трансевропските транспортни мрежи како и редефинирање на начелата за функционирање и методологијата. Процесот е започнат уште во 2009 година со објавување на „Зелена книга“ за идната ЕУ политика за трансевропските транспортни мрежи.

**Петок, 26 август 2011 година**
**ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ХУМАНОСТА**



Европската комисија на 19 август 2011 година, Светскиот ден на хуманитарноста, го посвети на хуманитарните работници кои својот живот го посветиле на заштита и подобрување на животите на другите луѓе. Европската унија е најголем донатор на помош во светот - од почетокот на оваа година досега, ЕУ има дадено над 37% помош од вкупните средства на глобално ниво.

Во Генералниот директорат за хуманитарна помош и цивилна заштита работат над 400 луѓе во 47 канцеларии низ целиот свет, каде што е потребна хуманитарна помош.

Светскиот ден на хуманитарноста по четврти пат се одбележа во чест на хуманитарните работници кои ги загубиле нивните животи и ја подигнале свеста за хуманитарната помош ширум светот. За овогодишната кампања ООН го одбра мотото „Луѓе кои им помагаат на луѓето“.

Во 2008 година, Генералното собрание на ООН го прогласи 19 август за Светски ден на хуманитарноста во чест и сеќавање на 22 хуманитарни работници на ООН кои беа убиени во експлозија на бомба во канцеларијата на ООН во Багдад на 19 август 2003. Според податоците на ООН, последните десетина години се мошне ризични за хуманитарните работници, а нападите врз нив се тројно зголемени, што резултира со стотици жртви во годината. Во 2010 година, 69 хуманитарни работници биле убиени, 86 повредени, а 87 киднапирани.

Европската унија веќе 40 години активно е вклучена на хуманитарното поле, а земјите-членки се повеќе ја зголемуваат нивната хуманитарна помош. Канцеларијата за хуманитарна помош на Европската заедница (ECHO) формирана е во 1992 година со цел да обезбедува поефикасна помош, а во февруари 2010 година е унапредена во Генерален директорат за хуманитарна помош и цивилна заштита.

Досега, најголеми корисници на хуманитарните фондови на ЕУ се Хрватска и Босна и Херцеговина (за време на распаѓањето на Југославија), Судан, Демократска Република Конго, Авганистан, окупираната палестинска територија, Пакистан, Русија и Бурунди.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/echo/index_en.htm

**Вторник, 13 септември 2011 година**
**НОВИ ПРЕДЛОЗИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕНЕРГИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**



Европската комисија на 7 септември 2011 година издаде соопштение за безбедноста во снабдувањето со енергија и меѓународна соработка во кое за прв пат се поставува сеопфатна стратегија на Европската унија посветена на надворешните односи во областа на енергетиката. Централно значење во пристапот на Европската комисија е подобрување на координацијата на земјите членки на ЕУ во идентификување и имплементирање на приоритетите во надворешната енергетска политика.Зависноста на ЕУ од увозот на енергија е во пораст и потребна е јасна стратегија за пошироко промовирање на енергетскиот интерес на Унијата. Конкуренцијата на прекуморска нафта, гас, резерви на јаглен како и нарушувањето во снабдувањето доведоа до променливи и високи цени на енергијата.

Со новиот предлог на Комисијата ќе се воспостави начин за здружување на земјите-членки во преговарањето со добавувачите и за меѓународните договори. Предлогот е дел од Енергетскиот план 2020 на ЕУ со кој се промовира намалување на потрошувачката на енергија, зголемување на енергетската ефикасност, обезбедување на резерви и поддршка на економскиот раст. Обезбедувањето на заедничка позиција ќе помогне во промовирање на силни енергетски партнерства меѓу клучните соседни земји. Од друга страна потребна е меѓународна соработка како одговор на заедничките предизвици на земјите во справувањето со климатските промени.Мерките посветени на обезбедување на резерви вклучуваат: промовирање на транспарентност преку размена на информации меѓу земјите членки за нивните меѓународни енергетски договори; помош во координирањето на пристапите кон земјите-партнери и дефинирање на заеднички ставови како и развивање на сеопфатни енергетски партнерства со клучните земји-партнери.

Стратегијата ќе се имплементира во следните неколку години, а земјите членки на ЕУ се очекува во 2012 година да започнат со користење на новиот систем за размена на информации за енергетски договори.

**Четврток, 15 септември, 2011 година**

**НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА БЕЗБЕДНА ХРАНА ВО ЕВРОПА**

Во рамките на Полското претседателство со Советот на Европската унија, на 8 и 9 септември 2011 година во Варшава се одржа конференција посветена на *"Храната во 21-от век"*. Конференцијата беше организирана од Полското Министерство за наука и високо образование, Институтот за истражување и хортикултура, во соработка со Министерството за земјоделство и рурален развој, Техничкиот универзитет и Националната контакт точка за истражување на европски програми.

Целта на Конференцијата на која присуствуваа повеќе од 450 учесници од Европа, претставници од научни заедници, национални и европски политички тела, индустријата и граѓанскиот сектор, беше да се обезбеди широка дебата за главните предизвици на безбедноста на храната, исхраната и благосостојбата на граѓаните во Европа, како и за заканите врз европската био-економија, особено во однос на земјоделството и потрошувачката индустрија. На конференцијата, три панел сесии беа посветени на балансираното производство на храна, квалитетот и безбедноста на храната, како и ефектот на исхраната врз здравјето и благосостојбата на потрошувачите. Беа идентификувани мерки кои ќе се преземаат за намалување на последиците од небезбедна храна. Извештајот се подготвува од Програмскиот комитет и се очекува да биде објавен за два месеци.

Прехрамбената индустрија е еден од најважните сектори од економијата на ЕУ. Одговорот на предизвиците од климатските промени, конкурентноста, откривање на нови врсти на растенија и болести кај животните, може да се најдат единствено во научните лаборатории. Без научните истражувања Европа немаше да се справи со неодамнешните случаи на зараза од бактеријата ешерихија коли, болеста кравјо лудило и контаминација со диоксин. Важноста на науката и истражувањата за здрава и безбедна храна се очекува во иднина значително да се зголеми.
Повеќе информации на следната веб-страница:
www.foodconference2011.inhort.pl.

**Среда, 21 септември 2011 година**

**НОВА ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**



Европската комисија на 20 септември 2011 година презентираше стратегија за реформи на високото образование со цел да се зголеми бројот на дипломирани студенти и подобрување на квалитетот на наставата. Стратегијата претставува дел од Европската стратегија за нови работни места и раст, и ги одредува приоритетните области во кои земјите-членки на Европската унија треба да постигнат напредок и да се постигнат заедничките цели во образованието.

Во Европската унија има околу 4.000 универзитети и други институции за високо образование, со повеќе од 19 милиони студенти. Во последните години значително е зголемен бројот и видот на високо образовните институции, како и бројот на студенти во Унијата. Високото образование има важна улога во општеството, претставува силен двигател на економскиот раст, ги отвора перспективите за подобар стандард и можности на луѓето, креира нови знаења кои се пренесуваат на студентите и ги поттикнува инвестициите.

Приоритетните области во кои се потребни понатамошни реформи вклучуваат:

- зголемување на бројот на дипломирани студенти, привлекување на поширок дел од општеството во високото образование, намалување на бројот на напуштање на образованието;
- подобрување на квалитетот и значењето на високото образование со образовни програми кои ќе ги задоволат потребите на заинтересираните поединци и пазарот на трудот, како и стимулирање и наградување на квалитет во наставата и научно-истражувачката работа;
- обезбедување на повеќе можности за студентите за стекнување со дополнителни вештини преку студирањето или обука во странство, поттикнување на прекуграничната соработка за зголемување на ефикасноста на високото образование;
- обезбедување на поголема обука за истражувачите;
- зајакнување на врските помеѓу образованието, истражувањето и бизнисот во правец на промовирање на квалитетот и иновациите и
- обезбедување на ефикасно финансирање во високото образование.

И покрај тоа што модернизацијата на високото образование кај многу од земјите-членки на ЕУ е приоритет, сепак потенцијалот на европските високо образовни институции не е целосно искористен. Образованието има значајно место во Стратегијата на ЕУ 2020, која има поставено за цел 40% од младите луѓе да се стекнат со високо образование до крајот на оваа декада. Предлогот на Европската комисија за следниот буџет на ЕУ вклучува значителни зголемувања на инвестициите во образованието, обуката и младите.
Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc62_en.htm

**Вторник, 4 октомври 2011 година**

**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА ПОСВЕТЕНА НА СРЕДНИТЕ И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Од 3 до 9 октомври 2011 година, во координација на Европската комисија, се одбележа Европската недела посветена на малите и средни претпријатија. Целта на кампањата беше да се промовираат претпријатијата низ цела Европа, заедно со Актот за мали бизниси за Европа, да се обезбедат информации за видот на поддршката за претпријатијата која ја обезбедуваат Европската унија и националните, локалните и регионалните власти, да се промовира претприемништвото и да се оддаде признание за придонесот на претприемачите во иновациите, конкурентноста и вработеноста во Европа.

Актот за мали бизниси е донесен во јуни 2008 година, истиот ја одразува политичката волја на Европската комисија за препознавање на главната улога на малите и средни претпријатија во економијата на ЕУ и за прв пат поставува детална рамка за политиката за мали и средни претпријатија за Унијата и земјите-членки. Целта на овој акт е да се подобри пристапот до претприемништвото, постојано зајакнување на принципот "*Пред сè размислувај локално*" во креирање на политиката и промовирање на растот на малите и средни претпријатија. Актот за мали бизниси се однесува на сите самостојни претпријатија во ЕУ кои имаат помалку од 250 вработени.

Европската недела посветена на малите и средни претпријатија се одбележа во 37 земји преку бројни национални, регионални и локални настани и активности преку кои претпријатијата имаа можност да ги споделат искуствата и да обезбедат натамошен развој.

Повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/enterprise/initiatives/sme-week/

**Понеделник, 10 октомври 2011 година**
**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА ПОСВЕТЕНА НА РЕГИОНИТЕ И ГРАДОВИТЕ**




Од 10 до 13 октомври 2011 година, во Брисел, по деветти пат се одбележа манифестацијата „Отворени денови 2011" каде локални и регонални претставници од Европа се сретнаа на едно место со цел да разменат идеи за зајакнување на конкурентноста, растот и вработеноста. Од 2003 година, манифестацијата "Отворени денови" стана годишен клучен настан на кој градовите и регионите во Европа имаат можност да го претстават својот капацитет за креирање на раст и работни места и за споведувањето на политиката на кохезија на ЕУ.

Во рамките на манифестацијата „Отворени денови 2011" се одржаа околку 100 сесии претставени преку работилници и дебати за околу 6.000 претставници од повеќе од 200 градови и региони во Европа при што се дебатираше за иднината на регионалната политика на Европската унија, како да се подобри управувањето со политиката на кохезија и можности за зајакнување на прекуграничната соработка водејќи грижа за територијалната кохезија.

На настанот се дебатираше и за предлог-законодавниот пакет усвоен од Европската комисија на 6 октомври 2011 година. Новите предлози на Комисијата ја поставуваат рамката за политиката на кохезија за периодот 2014-2020 и имаат за цел зајакнување на стратешката димензија на политиката и да се обезбеди дека инвестирањето во ЕУ е во насока на долгорочните цели за раст и работни места од Стратегијата ЕУ 2020. Исто така, предлозите на Комисијата имаа за цел да се подобри финансирањето во ЕУ регионите и да се обезбеди поголемо фокусирање на програмите за раст и работни места. Доколку предлозите на Комисијата бидат одобрени од министрите во Советот на ЕУ и Европскиот парламент во текот на 2012 година, истите ќе стапат во сила од 2014 година. Повеќе информации на следниот линк: http://ec.europa.eu/regional_policy/conferences/od2011/index.cfm.

**Четврток, 10 ноември 2011 година**
**НОВИ ПРОГРАМИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА**



Царинската и даночна политика на Европската унија оствари значаен придонес во зголемување на приходите на буџетот на ЕУ и земјите-членки во изминатите години. За да се одговори на предизивиците во иднина со цел заштита на интересите на граѓаните, бизнисите и буџетите, Европската комисија на 9 ноември 2011 година го усвои предлогот за новата програма за оданочување и царина-FISCUS, која ќе се спроведува во период од 7 години, од 1 јануари 2014 до 2020 година. Програмата ги спојува досегашните две одделни програми за даноци и царини кои завршуваат на 31 декември 2013 година.

Преку новата финансиска програма FISCUS ќе се поддржи соработката помеѓу царинските и даночните органи со цел да се помогне за зголемување на нивната ефикасност и да се избегнат неусогласеностите во нивното работење кои може да создадат пречки во Внатрешниот пазар. Целите на програмата е да се заштитат финансиските интереси на ЕУ и земјите-членки, да се обезбеди сигурност на европските граѓани, олеснување на трговијата, подобрување на капацитетите на царинските и даночните органи и спроведување на европскиото законодавство од соодветната област. Исто така, програмата ќе придонесе кон остварување на пошироките цели на ЕУ од Стратегијата Европа 2020, за зајакнување на функционирањето на Внатрешниот пазар и Царинската унија, промовирањето на растот и иновации преку заштита на правата за интелектуална сопственост, како и формирање на дигитален внатрешен пазар.

За новата предлог-регулатива ќе се расправа во Советот и во Европскот парламент, а усвојувањето се очекува на крајот од 2012 година со цел новата регулатива да се применува од јануари 2014 година. Дополнително, Европската комисија ги усвои предлозите за нова програма за здравство и програма за потрошувачи. Целта на програмите е натамошно зајакнување на врската меѓу економскот раст и здравата популација како и поддршка на ЕУ политиката за потрошувачи во периодот кој претстои. Програмите се базираат врз постојните програми кои обезбедуваат можности за земјите-членки да инвестираат во здравството и заштитата на потрошувачите.
Повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/taxation_customs/customs/cooperation_programmes/fiscus/index_en.htm
http://ec.europa.eu/health/programme/policy/index_en.htm
http://ec.europa.eu/eahc/consumers/index.html

**Понеделник, 21 ноември 2011 година**
**ЕВРОПСКИ САМИТ ЗА ЕДНАКВОСТ**

На 14 и 15 ноември 2011 година во Познан, во рамките на Полското претседателство со Советот на ЕУ, беше одржан Европскиот самит за еднаквост на тема "Имплементација на политиките за еднаквост на локално и на регионално ниво", што ќе биде од клучно значење во борбата против дискриминација и промовирање на еднаквоста. Во текот на Самитот беа одржани дебати посветени на:

- еднаквоста како фактор на регионалниот развој,
- зајакнување на регионалното и и локалното партнерство и
- ефикасно користење на европските фондови на регионално и локално ниво за имплементација на политиките за анти-дискриминација кои се однесуваат на малцинствата, вклучително и Ромите.

На Самитот беше одржан и неформален состанок на министрите на ЕУ задолжени за спроведување на политиките за еднаквост и борба против сите облици на дискриминација. Заклучоците и препораките од Самитот се вклучени во документот "Декларацијата од Познан" што се усвои на 15 ноември 2011, со што се даде поддршка за остварување на поширок дијалог со невладините организации со цел зголемување на имплементацијата на политиките за еднаквост и поддршка на политиките за анти-дискриминација.

На Европскиот самит за еднаквост присуствуваа повеќе од 200 официјални претставници на земји-членки на ЕУ, земји кандидати, членки на Европската економска асоцијација, меѓународни организации, високи претставници на НВО, социјални партнери (работодавачи и синдикати), институции од областа на еднаквоста и членови на граѓанско општество. Следниот Европски самит за еднаквост ќе се одржи во ноември 2012 година, во Кипар.

**Вторник, 22 ноември 2011**
**ОБНОВЕН ГЛОБАЛНИОТ ПРИСТАП КОН МИГРАЦИЈАТА И МОБИЛНОСТА**



Европската комисија на 18 ноември 2011 година ја претстави новата комуникација за идниот развој на прашањата за миграциите од трети земји особено јужните и источните соседи на Европската унија, афричките земји и други партнери на ЕУ, со цел преминување кон нова фаза од "Глобалниот пристап кон миграциите и мобилноста“. Со обновениот пристап ќе се овозможи ЕУ поефикасно да се справи со зголемената миграција и променливите миграциски трендови.

Европската унија ќе продолжи да ги зајакнува односите со земјите кои не се членки на Унијата со цел на подобар начин да се искористат заедничките бенефиции од миграцијата. Арапската пролет и настаните во Јужниот Медитеран ја истакнуваат потребата за кохерентна ЕУ политика за миграција, и од оваа причина Европската комисија предложи зајакнување на дијалогот и оперативната соработка во областа на миграцијата и мобилноста со земјите кои не се членки на ЕУ.

Основната рамка за Глобален пристап кон миграциите и мобилноста е усвоена во 2005 година и истата е дизајнирана како политичка рамка за дијалог со земјите кои не се членки на ЕУ, за сите релевантни прашања што произлегуваат од миграцијата како и за практична соработка со партнерските земји на ЕУ, во различни политички области: социјалните прашања и вработеноста, надворешните врски и внатрешните работи.

Новиот обновен Глобален пристап кон миграцијата:

- ќе биде поинтегриран со надворешната политика на ЕУ, развојот и соработката, а заеднички ќе се имплементира преку Европската комисија, Европската служба за надворешно дејствување, делегациите на ЕУ и земјите-членки,
- подобро ќе се усогласи со целите на внатрешната политика на ЕУ, особено со Стратегијата 2020,
- ќе воспостави поголема фокусираност кон мобилноста и визната политика,
- ќе ги дополни трите столба од Глобалниот пристап (легална и нелегална миграција и развојот) со нов четврт столб за меѓународна заштита и надворешна димензија на политиката за азил,
- ќе продолжи да дава приоритет на ЕУ соседството, партнерството ЕУ-Африка и земјите од Исток.

Од страна на Европската комисија од 2005 година па наваму, беа финансирани околу 300 проекти од областа на миграцијата за земји кои не се членки на ЕУ. Од 2013 година, на секои две години ќе се изготвува извештај од Глобалниот пристап кон миграцијата, со цел да се следи имплементацијата и да се обезбеди напредок.

Повеќе информации на новиот промовиран ЕУ портал за имиграција:
http://ec.europa.eu/immigration/

**Вторник, 13 декември 2011 година**

## УСВОЕНИ БУЏЕТСКИТЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДВОРЕШНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2020 ГОДИНА



Европската комисија на 07 декември 2011 година го усвои предлогот на буџетот за девет инструменти во областа на надворешното дејствување како дел од повеќегодишната финансиска рамка за периодот од 2014 до 2020 година.

Овие инструменти ќе овозможат зајакнување на улогата и одговорностите на Унијата на глобалната сцена: во борбата против сиромаштијата и промовирање на демократија, мир, стабилност и просперитет. Пакетот на буџетските предлози ги одразува приоритетите од Агендата за промени на развојната политика од 13 октомври 2011 и обновената Европска соседска политика. Усвоениот пакет ќе се достави до Европскиот парламент и до Советот, а се очекува да се донесе во 2012 година.

Преку инструментите за надворешно дејствување ќе се обезбедува поддршка на земјите во развој, земјите од Европското соседство како и земјите кои се подготвуваат за пристапување во ЕУ. Според новиот пристап на "диференцијација", Унијата ќе издвои поголем износ на средства таму каде помошта може да оствари најголемо влијание, за земјите и регионите кои имаат најголема потреба. Земјите кои ќе остваруваат доволно ресурси за да обезбедат сопствен развој повеќе нема да добиваат билатерални грантови, преку нови форми на партнерства и регионални тематски програми ќе продолжат да добиваат средства. Диференцијацијата прво ќе се применува во земјите опфатени со Инструментот за соработка и развој како и Инструментот за европско соседство. Една од главните иновации и клучна алатка од надворешната

политика е новиот партнерски инструмент кој има за цел да ги унапреди и промовира интересите на ЕУ и адресирање на големите глобални предизвици.

Вкупниот износ на буџетот на деветте инструменти во областа на надворешното дејствување за периодот од 2014 до 2020 изнесува 96.249 милиони евра, од кои за Инструментот за претпристапна помош-ИПА, предвидени се 14.110 милиони евра. Унијата ќе продолжи со поддршката на земјите од процесот на проширување преку обновена ИПА, врз основа на позитивното искуство од актуелниот инструмент. Преку ИПА, на земјите од процесот на проширување (Турција, Македонија, Исланд, Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово) ќе им се помогне да имплементираат сеопфатни реформски стратегии потребни во подготовката за идно членство во ЕУ, со акцент на регионалната соработка, имплементација на европското законодавство и стандарди, капацитет за управување со внатрешните политики на Унијата по пристапувањето и испорачување на вистински социо-економски придобивки во земјите корисннички.

Повеќе информации на следните линкови:
http://ec.europa.eu/europeaid/how/finance/mff/financial_framework_news_en.htm
http://ec.europa.eu/enlargement/press_corner/whatsnew/news/111207_en.htm

**Среда, 14 декември 2011 година**
**СТРАТЕГИЈА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ**



Европската комисија на 12 декември 2011 година промовираше Европска стратегија за слободен пристап до информации, преку која се очекува да се испорача значителна финансиска поддршка на економијата на годишно ниво.

Пакетот на нови мерки насочени кон зголемување на транспарентноста на институциите, е поддржан со средства од околу сто милиони евра кои ќе се доделуваат од 2011 до 2013 година за финансирање на истражувања во понови технологии за управување со податоци.

Пакетот на мерки е составен од три елементи:

- Комуникација на Европската комисија за слободен пристап до информации во која е презентирана визија и политика за повторна употреба на податоците, вклучително и правните, развојните и финансиските елементи;
- предлог за ревизија на Директивата 2003/98/ЕС за повторна употреба на информации од јавниот сектор и
- ревизија на Одлуката со која се уредува повторната употреба на информациите на Комисија (2006/291/ЕС, Евроатом од 7 април 2006 година).

Овие активности ја позиционираат Европската унија на ниво на лидер во повторната употреба на информации од јавниот сектор. Податоците можат да бидат интегрирани во нови производи и услуги кои секојдневно се користат, како што се автомобилските системи за навигација, информации за временска прогноза, мапи и други корисни апликации за паметните телефони. Во „Дигиталната агенда за Европа“, Европската

комисија ја идентификува повторната употреба на информациите од јавниот сектор, вклучително и брзиот и ултра брзиот интернет како клуч за воспоставување на единствен дигитален пазар.

Комисијата ќе креира нов портал преку кој бесплатно ќе се отвори архивата со податоци до јавноста и ќе се воспостави слободен пристап до податоците од Европската унија. Новиот портал во моментот е во „бета верзија",односно фаза на развој и тестирање, а истиот се предвидува да биде промовиран следната година. Во иднина овој начин ќе послужи како единствена точка за пристап за повторна употреба на податоци од сите ЕУ институции, тела, агенции и државни органи.

Комисијата предложи ревидирање на Директивата 2003/98/ЕК за повторна употреба на информациите од јавниот сектор преку:

- воведување на општо правило при што сите документи кои се достапни преку телата на јавниот сектор, може повторно да бидат употребени за било која намена, единствено доколку истите не се заштитени со авторски права од трети лица;
- воспоставување на принципот државните органи да не наплаќаат повеќе од трошоците настанати при лично побарување на податоци. Во пракса тоа значи повеќето од податоците да бидат понудени бесплатно или речиси бесплатно, освен ако трошоците се оправдани;
- да се постигне задолжително обезбедување на податоците во најчесто користен, машински-читлив формат, со цел податоците повторно и ефективно да се користат;
- воведување на регулаторен надзор за спроведување на принципите;
- масовно проширување на опсегот на Директивата, со цел за прв пат да се вклучат и библиотеките, музеите и архивите.

Ревидираната Директива се очекува да стапи на сила во 2013 година, при што земјите членки ќе имаат период од 18 месеци за нејзина имплементација во национално законодавство.

За повеќе информации на следниот линк:
http://ec.europa.eu/information_society/policy/psi/index_en.htm